ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

## по програмата за изработка на техничка документација -Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација за 2021 година

Советот на Општина Крива Паланка на ден 27. 11 2020 година донесе Одлука за усвојување на Програмата за изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација (бр. 09-3365/37 од 27. 11 2020 година).

Согласно Програмата за изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација реализирани се следните активности:

**1.** Изработка на техничка документација, Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица Св.Јоаким Осоговски и тоа:

- Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на дел од ул. Св. Јоаким Осоговски од Градски музеј до Соларски Мост, во Крива Паланка во вредност од **35.400,00 ден ;**

- Измена и дополнување на Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај на улица Св. Јоаким Осоговски на потегот од крстосница со магистрален пат А2 - ул. Св. Јоаким Осоговски (технички преглед) до Градски музеј и од Соларски Мост до крстосница со магистралниот пат А2 (м. Македонија) во општина Крива Паланка, кој е во фаза на изработка;

**2.** Изработка на Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на улиците Наско Тамбурков, Пролетерска, 8 ми Октомври, 17 та Македонска бригада и локален пат до манастир Св. Јоаким Осоговски (стар пат до собориште) во општината Крива Паланка, во вредност од **185.850 ден;**

**3.** Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на улицата Св.Јоаким Осоговски, согласно Основен сообраќаен проект

за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“, во вредност од **119.389,00 денари;**

Согласно Програмата за 2021 година, Општина Крива Паланка спроведе јавна набавка за услуга и тоа:

- Јавна набавка за изработка на техничка документација за режим на сообраќај на улиците Наско Тамбурков, Пролетерска, 8 ми Октомври, 17 та Македонска бригада и локален пат до манастир Св. Јоаким Осоговски (стар пат до собориште) во Општина Крива Паланка, каде беше избрано правното лице Инт Глобал Инжинеринг АБ ДООЕЛ Битола со договор бр 19-1063/10 од 14. 05 2021 г
- Договор за услуги за измена и дополнување на Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на дел од ул. Св. Јоаким Осоговски од Градски музеј до Соларски Мост, во Крива Паланка изготвен до ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје со бр. 08-4007/1 од 21. 12 2021

Сретствата кои се потрошени од Буџетот на Општината за 2021 год за реализација на Програмата за изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација изнесува : **340.639,00 денари со вклучен ДДВ.**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Одобрил
Раководител на сектор ,
Маја Костадиновска, диа

Изготвил
Билјана Цветковска Тасевска